ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 04-3519
10.07.2025 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 20-г, 20-д и член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), 37-м од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 22 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), Правилникот за систематизација на работни места во ЈПВ Лисиче-Велес број 01-204/1 од 28.04.2020 година, а в.в. Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈПВ Лисиче-Велес број 01-76/1 од 31.01.2023 година и број 01-168/1 од 20.03.2023 година, Правилник за постапката за унапредување на даватели на јавни услуги на ЈПВ Лисиче-Велес заверен со архивски број 01354/1 од 14.08.2018 година и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства број 19-2534/2 и 19-2797/2 од 13.05.2025 година, ВД Директорот на ЈПВ Лисиче-Велес донесе:

О Д Л У К А

за избор на кандидат по Интерен оглас бр.01/2025 за вработување на 1(еден) давател на јавни услуги во ЈПВ Лисиче-Велес

1. По Интерниот оглас бр.01/2025 објавен на ден 16.06.2025 година на веб страната на ЈПВ Лисиче-Велес, а Исправка на ден 23.06.2025 година на веб страната на ЈПВ Лисиче-Велес за вработување на 1(еден) давател на јавни услуги во ЈПВ Лисиче-Велес, се изврши следниот избор:

   - За работното место Раководител на Одделение за електро машински работи, со статус на давател на јавни услуги со шифра КДР 0305 А03 154 се избира кандидатот:
     - Викторија Манева Кошинов од Велес

2. Изборот е изршен врз основа на пријавата од кандидатот кој ги исполнува условите и ранг листата за предлог- одлуката за избор по Интерен оглас бр. 01/2025.

3.Избраниот кадидат ќе биде вработен на работно место за кое беше распишан Интерен оглас. По завршувањето на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука ќе се склучи Договор за вработување на неопределнео време.

4. За извршениот избор ќе бидат известени пријавените кандидати.

5.Одлуката ќе биде објавена на огласна табла на ЈПВ Лиисче-Велес и на интернет страницата на ЈПВ Лисиче-Велес.

6.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 16.06.2025 година на веб страната на ЈПВ Лисиче-Велес, а Исправка на ден 23.06.2025 година на веб страната на ЈПВ Лисиче-Велес е објавен Интерен оглас бр.01/2025 за вработување на 1(еден) давател на јавни услуги во ЈПВ Лисиче-Велес на работно место Раководител на одделение за електро машински работи, со статус на давател на јавни услуги со шифра КДР 0305 А03 154.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на 1(еден) давател на јавни услуги во ЈПВ Лисиче-Велес, за Раководител на одделение за електро машински работи по пат на Интерен оглас бр. 01/20205, формирана со Решение на ВД Директорот на ЈПВ Лисиче-Велес број 04-351/2 од 16.06.2025 година, изврши проверка на доставените пријави, за што состави Записник број 04-351/7 од 10.07.2025 година и спроведе интервју со уредно пријавениот кадидат.

Врз основа на ранг-листата за избор по Интерен оглас број 01./20205, ВД Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука,

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Одлука незадоволниот кадидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањео на огласната табла на ЈПВ Лиисче-Велес и на веб страната на ЈПВ Лисиче-Велес.

Доставено до:
-именуваната
-архива

ЈПВ "Лисиче"-Велес
ВД Директор
Ванче Маневски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС